**20252384619**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 17-у став (3) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

Регистарот на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа (во натамошниот текст: регистарот), се води во форма на книга со димензии 50 х 30 см на образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Книгата од став 1 на овој член, е укоричена со корица од тврда хартија во црвена боја и ја сочинуваат страници кои се нумерирани и сврзани со конец.

Регистарот се заверува на внатрешната страна од задната корица.

Член 3

Запишувањето во регистарот се врши најдоцна осум дена од денот на издавање или одземање на уверението за положен стручен испит за безбедност при работа.

Член 4

Запишувањето во регистарот се врши со темно сино мастило.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

Секое запишување во регистарот се потпишува од страна на овластеното службено лице кое го води регистарот.

Член 5

Регистарот се води и во електронска форма.

Секоја исправка која се врши во хартиената форма на регистарот, се врши и во електронската форма.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на издадени уверенија за положен стручен испит за безбедност при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/15).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 12-5676/1
21 ноември 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ УВЕРЕНИЈА ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Корица

| Реден бр. | Регистарски број на уверението | Име и презиме на носителот на уверението | Датум на раѓање | Место на живеење и општина | Стручниот назив од дипломата за завршено образование | Датум на издадено уверение | Датум на одземено уверение | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Страницата 1 се повторува до страница 100